**Република СевернаМакедонија**
**Н О Т А Р**
**ВЕСНА ДОНЧЕВА**
**За подрачјето на Основните судови на град Скопје**
**Скопје, ул.”Даме Груев” бр.28**

**Извод**

**ОДУ бр. 859/2021**

04.10.2021 година /ден четврти, месец Октомври, година две илјади и дваесет и прва/
Во Скопје, во 12.00 (дванаесет) часот

Јас Нотар Весна Дончева од Скопје со службено седиште на ул.”Даме Груев” бр.28, надлежна за подрачјето на Основните судови во Град Скопје, потврдувам дека на Барање од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје заведено под дел.архивски број 39151/1 од 03.09.2021 година присуствував на 50-та седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кое се одржа на ден а 04.10.2021 година /ден четврти, месец Октомври, година две илјади и дваесет и прва/ (Понеделник), со почеток во 12.00 (дванаесет ) часот во деловната зграда на Банката на ул. Орце Николов бр. 54 Скопје.------------------------------------------------------------------------------------
Откако утврдив дека се исполнети условите за презмање на ова службено дејствие врз основа на член 92 од Законот за нотаријат, одредбите од Законот за Трговски друштва и член 8 и 9 од Правилник за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи го составив следниот------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**-------------------ЗАПИСНИК ОД 50-тата СЕДНИЦА НА АКЦИОНЕРСКОТО СОБРАНИЕ НА--------------------**
**----------------------------ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ ------------------------------------------**
**---------------------------------------------------од 04.10.2021 година ------------------------------------------------------**
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 12.00 (дванаесет) часот.---------------------------------------------------------------
Пред отпочнување на Собранието на мое барање ми беше предочено:----------------------------------------------------
-**Тековната состојба** на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје електронски издадена од Централен Регистар на РСМ на денот на одржување на Собранието под број 0805-50/150020210406976 која е **прилог Б** кон овој записник од која утврдив дека Друштвото е запишано во Централен Регистар на РСМ со ЕМБС 4558669, со седиште на ул.”Македонија” бр.34 Скопје, застапувано од Глигор Бишев- Претседател на Управен Одбор, Алвин Аличевиќ член на Управен Одбор; Санел Кустурица-Заменик претседател на Управен Одбор и Нина Неданоска член на Управен Одбор-;---------------------------------------------------------------------------------------------------------
-**Јавен повик** објавен во дневното гласило Нова Македонија на 03.09.2021 /**прилог В** на овој записник/ со која се повикуваат акционерите да присуствуваат на 50-та седница на Собранието на акционери на Банката која ќе се одржи на ден 04.10.2021 година /ден четврти, месец Октомври, година две илјади и дваесет и прва/ со почеток во 12,00 часот во во деловната зграда на Банката на **ул. Орце Николов бр. 54 Скопје**. /**прилог Б** на овој записник/ ----
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-**Пријава за учество на на Собрание** на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од овластените потпишано од овластени лица г-дин М-р Герхард Маер во својство на Прокурист и г-дин д-р Ото Макса во својство на Прокурист на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Актиенгезелшафт уредно заверена кај Нотар Д-р Петер Вергер од заменик Нотар М-р Јоханес Марко во Грац Штаерска Република Австрија под рег.број 2887/21 од ден 21.09.2021 година и превод на истото од Германски на Македонски од овластен судски преведувач Мартина Георгиевска заверено под УЗП бр. 6126/2021 од 04.10.2021 и од овластен судски преведувач од Англиски на Македонски Бојана Стојанов заверено од нотар Весна Дончева заверен под УЗП бр. 6127/2021 од 04.10.2021 - прилози Г и Д на овој Записник.---------------------------------------------------------------------------------------------

со кое се овластува Тамара Тренчевска со адреса на [redacted] Скопје со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. А [redacted] издадена од МВР Скопје да ги затапува како полномошник на 50-тата седница на Собрание на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.------------------------------------------------------
**Акционерската книга** на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, издадена од Централниот Депозитар за хартии од вредност печатена на ден 04.10.2021 година / ден четврти, месец Октомври, година две илјади и дваесет и прва/ во 09:14:31 часот, под ИСИН број MKINBA101012, ИБ на правно лице 04558669, Вид: обични акции, номинална вредност по ХВ: 2670 МКД, вкупен број на ХВ: 1.677.443, вкупен номинален капитал: 4.478.772.810 МКД, број на иматели 460, број на сопственички позиции 467, со состојба 48 часа пред одржувањето на седницата, со вкупно запишани 1.677.443 (еден милион шестотини седумдесет и седум илјади и четиристотини четириесет и три) обични акции со 1.677.443 (еден милион шестотини седумдесет и седум илјади и четиристотини четириесет и три) број на гласови-**прилог Ѓ** кон овој записник------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-**Полномошно** за учество на Собрание на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје со кое се овластува Тамара Тренчевска со адреса на ул. [redacted] Скопје со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. А [redacted] издадена од МВР Скопје потпишано од овластени лица г-дин М-р Герхард Маер во својство на Прокурист и г-дин д-р Ото Макса во својство на Прокурист на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Актиенгезелшафт уредно заверено кај Нотар Д-р Петер Вергер од заменик Нотар М-р Јоханес Марко во Грац Штаерска Република Австрија под рег.број 2886/21 од ден 21.09.2021 година **прилог Е** кон овој записник и превод на истото од Германски на Македонски од овластен судски преведувач Мартина Георгиевска и од Германски на Македонски заверено под УЗП бр. 6129/2021 од 04.10.2021 од овластен судски преведувач од Англиски на Македонски Бојана Стојанов заверено од нотар Весна Дончева заверен под УЗП бр. 6128/2021 од 04.10.2021 -**прилог Ж** на овој Записник.------
-**Список** на пријавени и присутни акционери на Собранието на акционери на Банката и ополномоштени лица пријавени за учество на Собранието кое се одржа на 04.10.2021 година /ден четврти, месец Октомври, година две илјади и дваесет и прва кој содржи име и презиме/назив на акционерот, број на гласови, потпис, проценти -**прилог З** на овој записник--------------------------------------------------------------------------------------------------------
-**Извештај** со број на акционери кои гласале изразен процентуално врз основа на пребројувањата на гласовите Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје-**прилог Ѕ** кон овој записник-------------------------------------------------
Од наведениот список по неговата верификација и од увидот во извештајот утврдив дека на седницата на Собранието од вкупно запишани акционери кои поседуваат вкупно 1.677.443 (еден милион шестотини седумдесет и седум илјади и четиристотини четириесет и три) обични акции, на седницата на Акционерско Собрание на Банката присуствуваат преставници акционери со вкупно 1.603.656 (еден милион шестотини и три илјади и шестотини педесет и шест) обични акции со право на глас што процентуално преставува 95,60% (деведесет и пет запирка шеесет проценти).------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Собранието започна во 12,00 часот /дванаесет часот/ и истото го отвори г-ѓица Тамара Тренчевска како Претставник на мнозинскиот акционер, а во отсуство на Претседавачот на претходната Седница,. За работата на Собранието доставен е следниот предлог на:-----------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**------------------------------------------------------------

1. Избор на претседавач со Собранието, Нотар и бројач на гласови-------------------------------------------------
2. Разгледување на Записник од 49та седница на Собранието на акционери-------------------------------------------
3. Информација за поднесена оставка од г-ѓа Сузана Ставриќ, независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје-----------------------------------------------------------------------------------
4. -Предлог за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
5. Предлог Одлука за измена и дополнување на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и усвојување на пречистен текст на Статутот-------------------------------------------------------------------------------
6. Предлог за избор друштво за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2021 година------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Г-ѓица Тамара Тренчевска ги поздрави присутните претставници во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и тоа, г-ѓа Олгица Спасевска, г-ѓа Христина Чучурска, г-ѓа Ана Димоска Јанкуловска, г-ѓа Маја Камчева Ставрова, Милка

Ратаикоска Јолеска, нагласувајќи големо задоволство од присуството на претставниците на денешната седница на вонредното собрание на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, како и моето присуство како нотар-записничар на денешното Собрание на акционери. Таа констатираше дека во законски определениот рок по јавно објавениот повик во весникот „Нова Македонија, и web страната на Банката за одржување на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, материјалите за Собранието биле достапни за сите акционери. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Избор на Претседавач на Собранието, записничар и бројач на гласови;**-----------------------------------------------------
отоа се пристапи кон процедуралниот дел од дневниот ред.-------------------------------------------------------------------------------

Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, Собранието може да расправа само по прашања кои се уредно ставени на дневен ред, а во законски предвидениот рок нема доставено ниту еден предлог за измена и дополнување на предложениот дневен ред.-------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно Законот за трговски друштва, пред да се пристапи кон усвојување на дневниот ред како предлог за претседавач за ова Собрание од страна на доминантниот акционер Steiermärkische Bank und Sparkassen AG е предложена Тамара Тренчевска ополномоштена врз основа на полномошно издадено од акционерот Steiermärkische Bank und Sparkassen AG кое на македонски и англиски јазик прилог Г и Д кон овој записник, беше предложена г-ѓица Тамара Тренчевска, и истата едногласно беше избрана за претседавач на денешното собрание.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека за претседавач на седницата на Акционерското Собранието на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, едногласно е избрана Тамара Тренчевска.**---------------------------------------------------------

Претседавачот се заблагодари на довербата и при тоа нагласи дека и е особена чест и задоволство да ја води 50-та Вонредна седница на Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По однос на констатирање на фактите од Вонредото Собрание, Претседавачот **Тамара Тренчевска** како полномошник на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Актиенгезелшафт предложи Записникот од ова Собрание да го води нотар Весна Дончева и предложи да се гласа по предлогот за избор на нотар.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека за записничар -Нотар на седницата на Вонредното Собрание на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, едногласно е избрана Нотар Весна Дончева од Скопје .**---------------------------------

По однос на бројач на гласови, Претседавачот ја предложи Христина Чучурска вработена во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје. Со оглед на тоа што други предлози немаше, истата едногласно беше избрана за бројач на гласови на денешното собрание.----------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека за бројач на гласови на седницата на Акционерското Собранието на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, едногласно е избрана г-ѓа Христина Чучурска.**----------------------------------------------

**Полномошникот Тамара Тренчевска** како претседавач на денешната седница информираше дека се води Записник во форма на јавна исправа од мене нотар Весна Дончева од Скопје, надлежна за подрачјето на Основните судови на град Скопје, заради потврдување на одлуките од Седницата.---------------------------------------

**Утврдување на кворум**---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, Претседавачот нагласи дека Собранието може да расправа само по прашања кои се уредно ставени на дневен ред, а во законски предвидениот рок нема доставено ниту еден предлог за измена и дополнување на предложениот дневен ред.-------------------------------------------------

Пред да се пристапи кон работниот дел на седницата претседавачот Тамара Тренчевска изврши увид во Списокот на акционери, со број на акции и врз основа на извештајот констатира дека се исполнети условите за полноважно одржување на седницата и обезбеден е потребниот кворум за работа. По ова, претседавачот го стави предложениот дневен ред на гласање.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека претседавачот го стави на гласање предложениот дневен ред и истиот едногласно е усвоен од присутните акционери. Воздржани и против немаше.**--------------------------------------------------------

Претседавачот предложи седницата на собранието да продолжи со работа по останатите точки од предложениот дневен ред.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот Тамара Тренчевска ги инфорираше присутните акцинери добиена е согласност од Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија за промена на име и седиште на Банката, како и за измени и дополнувања на Статутот на Банката. Согласно наведеното, во донесените одлуки на денешното Собрание на акционери ќе се наведе новиот назив на Банката кој гласи Шпаркасе Банка АД Скопје, секаде каде што е применливо.---------------------------------------------------------**

**Точка 2.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**2./два/ Разгледување на Записник од 49-та седница на Собранието на акционери ----------------------------------**

Претседавачот нагласи дека Записникот од претходната 49-та седница на Собранието во пропишаниот рок по одржувањето на седницата уредно е проследен до надлежните институции и достапен е на web страната на Банката за сите акционери и заинтересирани страни и ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, претседавачот констатираше дека го разгледаа и го усвоија-----------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------Записникот од 49-та седница на Собранито на акционери-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**Точка 3.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**3./три/ Информација за поднесена оставка од г-ѓа Сузана Ставриќ, независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------**

**По однос на третата точка од дневниот ред, Претседавачот ги информираше присутните за поднесена оставка од г-ѓа Сузана Ставриќ, независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје** и запраша дали има некој за дискусија. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот констатираше дека е разгледана Информацијата за поденсената оставка **од г-ѓа Сузана Ставриќ, независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.------------------------------------------------------------**

**По рагледување на Информацијата по третата точка се пристапи кон работа по предложените точки од дневниот ред-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**Точка 4.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**4/четири--Предлог за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.-----**

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутниот акционер едногласно ја донесе следната----------------------------------------------------------------------------------------**

**О Д Л У К А**
**за именување член на Надзорниот одбор на**
**Шпаркасе Банка АД Скопје**

1. **Со оваа Одлука Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, го именува д-р Горан Петревски за независен член на Надзорниот одбор.**
2. **Новоименуваниот член ќе го замени независниот член на Надзорниот одбор, Сузана Ставриќ, која се повлекува од функцијата.------------------------------------------------------------------------------------**
3. **Мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука ќе трае до истекот на мандатот на членот кој се заменува – 16.11.2024 година. ---------------------------------------------------**
4. **На членот на Надзорниот одбор му припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на акционери на Банката.---------------------------------**
5. **Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Гувернерот на Народната Банка на РСМ.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**Точка 5.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**5./пет/ Предлог Одлука за измена и дополнување на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и усвојување на пречистен текст на Статутот----------------------------------------------------------------------------**

Претседавачот по однос на предложената точка од дневниот ред ја нагласи потребата за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измена на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје.Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на

одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите доставени до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката за што дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.------------------------------------------------------------------------------
При тоа нагласи дека измените на Статутот се предложени врз основа на предложена промена за измена на име и седиште на Банката како резултат на реорганизациски активности по статусна промена – присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка АД Скопје. Дополнително е предложено надлежноста за одобрување на продажба на поединечни побарувања и продажба на портфолио на побарувања до 5% од сопствените средства на Банката да биде вклучено во надлежностите на Управен одбор.---------------------------------
Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.------------------------
**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутниот акционер едногласно ја донесе следната---------------------------------------------------------------------------------------**

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје и усвојување на пречистен текст на Статутот**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат измените и дополнувањата на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје и пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје.
2. Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје од 16.07.2021 година, се усвојуваат следните измени:-----------------------------------------------------------------------------------------
   1) Член 2 се менува како што следи:---------------------------------------------------------------------------

**II. ИМЕ И СЕДИШТЕ НА БАНКАТА**

**член 2**

Името на Банката гласи:-------------------------------------------------------------------------------------------
**Шпаркасе Банка АД Скопје.** Во превод се употребува името **Sparkasse Bank AD Skopje.**
Името на Банката се испишува на кирилично писмо, на македонски јазик, а при обавување на работи со странство се испишува на латиница.-------------------------------------------------------------------------
Седиштето на Банката се наоѓа во Скопје на адреса ул.Орце Николов бр.54 Скопје.-----------------------

2) Во член 23 став 4 зборовите “Службата за контрола на усогласеност со прописите“ се менуваат со зборовите “организационата единица за усогласеност со прописи“.член 68 се менува како што следи:-----------------------------------------------------------------------------------------

**член 68**

Управниот одбор на Банката ги врши следниве работи:

1) управува со Банката; -------------------------------------------------------------------------------
2) ја застапува Банката; ------------------------------------------------------------------------------
3) ги извршува одлуките на Собранието на акционери и на Надзорниот одбор на Банката, односно се грижи за нивното спроведување;--------------------------------------------------------
4) покренува иницијативи и дава предлози за унапредување на работењето на Банката; ------
5) ги именува и разрешува лицата со посебни права и одговорности, во согласност со одредбите од закон и овој Статут; ------------------------------------------------------------
6) изготвува деловна политика и развоен план на Банката; ------------------------------------------
7) изготвува финансиски план на Банката; --------------------------------------------------------------
8) изготвува политика за сигурност на информативниот систем на Банката; --------------------
9) изготвува годишен извештај за работењето на Банката и го доставува до Надзорниот одбор;----------------------------------------------------------------------------------------------------
10) изготвува етички кодекс на Банката;--------------------------------------------------------------

11) именува лице односно го организира организациониот дел за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;-----------------------------------------------------------
12) одлучува за купување, продажба и закуп на основни средства на Банката и одобрување средства за други работи најмногу до 5% од сопствените средства на Банката;---------------
13) одлучува за продажба на поединечни побарувања и продажба на портфолио на побарувања до 5% од сопствените средства на Банката;--------------------------------------------
14) формира пописни комисии за попис на средства и извори на средства, комисија за расходување и оттуѓување на основни средства и ситен инвентар, а по потреба формира и други комисии и работни тела за обавување на одредени работи и ги именува нивните членови;----------------------------------------------------------------------------------------------------
15) донесува Одлука за каматните стапки и тарифи на Банката;---------------------------------------
16) одлучува за засновање на работен однос, за распоредување, наградување и материјална одговорност на работниците согласно со законските прописи и актите на Банката или може да ги делегира овие надлежности на други вработени;-----------------------------------------
17) донесува акт за групирање на работните места во соодветни групи на сложеност утврдени преку коефициент со паричен износ;----------------------------------------------------------------
18) утврдува предлози на одлуки и други акти за кои одлучува Надзорниот одбор на Банката, со посебен осврт на политиките, стратегиите и системите за управување со ризици во соработка со Одборот за управување со ризици;----------------------------------------------------
19) се грижи за информирањето на акционерите на Банката;------------------------------------------
20) донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места;----------
21) донесува општи и поединечни акти на Банката и упатства од негова надлежност;---------
22) одлучува за распределба на средствата за спонзорство, реклами, пропаганда и репрезентација;------------------------------------------------------------------------------------------
23) по потреба склучува Колективен договор со Синдикатот на Банката;---------------------------
24) одлучува за отпис на побарувања до максималниот износ на поединечно незначајните побарувања определени со одлука донесена од страна на Надзорниот одбор, како и отписи предвидени како задолжителни со законски и подзаконски акти;
25) донесува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешувањето на останатите лица со посебни права и одговорности и

3) врши други работи утврдени со законските прописи, статутот и други акти на Банката.--------

4) Во член 86, став 4, зборот “службите“ се заменува со зборовите “организационите единици“.

5) член 106 се менува како што следи:-----------------------------------------------------------------------

Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од 16.07.2021. Пречистениот текст на Статутот ги вклучува пречистениот текст од 16.07.2021 година и одлуката за измена и дополнување на Статутот од 04.10.2021 година.----------------------------------------------------------------------------------------------------
За се што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од прописите кои ја регулираат определената материја.-----------------------------------------------------------------------------

3. Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ во постапката за измена на име и седиште на Банката.
4. Оваа Одлука стапува на сила по усвојувањето од страна на Собранието на акционери и добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка.

**Точка 6**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6/шест/Предлог за избор друштво за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2021 година**-----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот по однос на шестата точка од предложениот дневен ред го стави Предлог за избор друштво за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2021 година------------------------------
Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутниот акционер едногласно ја донесе следната**---------------------------------------------------------

**О Д Л У К А**
**за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2021 година**

1. Со оваа Одлука се избира друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, да врши ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2021 година. -------------------------------------------------------------
2. Меѓусебните права, обврски и одговорности да се уредат со Договор за извршување на ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31.12.2021 по нето цена во денарска противвредност од 53.500 еур.---------------------------
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.--------------------------------------------

Претседавачот на Собранието на акционери заклучи дека содржините од дневниот ред на 50-та седница од Собранието на Акционери се исцрпени и пред да ја затвори седницата се заблагодари на сите за присуството. Претседавачот ја затвори седницата на Собранието во 12:30 часот /дванаесет часот и триесет минути/. -------------
Потврдувам дека овој записник лично го составив и истиот заедно со прилозите го прочитав на Претседавачот на Собранието, кој раководеше со седницата на Собранието па во знак на прифаќање своерачно го потпиша.-----------
**Претседавач г-дин Тамара Тренчевска __с.р.__________________________________**--------------_____________
Записникот е составен на 8/осум /страни на 8/осум / листа.----------------------------------------------------------------
Потврдувам дека овој Записник претставува компјутерски обработен текст на записникот кој го водев лично на рака, во присуство на акционерите и застапниците/полномошниците на акционерите и останатите присутни лица, по што на учесниците ќе им се даде препис кој ќе го заведат во нивната архива, а врз основа на кој ќе ги остваруваат своите права во евентуални постапки. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------
Записникот е составен во седум примероци од кои шест се предадени на Шпаркасе Банка АД Скопје, а изворникот се наоѓа во архивата на нотарот.--------------------------------------------------------------------------------------------
Составен дел на Записникот се:------------------------------------------------------------------------------------------------
- Прилог А, Покана за Собрание на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје арх.број 39151/1
- Прилог Б,Тековна состојба изадена од Централен Регистар на РСМ, ---------------------------------------------
- Прилог В, Јавен повик објавен во дневното гласило Нова Македонија на 03.09.2021.--------------------------------
- Прилог Г и Д Пријава за учество на 50-тата Седница на Собранието на акционери Шпаркасе Банка Македонија поптишана од овластени лица Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Актиенгезелшафт под рег.број 2887/21 од ден 21.09.2021 година и превод на истото од Германски на Македонски од овластен судски преведувач Мартина Георгиевска заверено под УЗП бр. 6126/2021 од 04.10.2021 и од овластен судски преведувач од Англиски на Македонски Бојана Стојанов заверено од нотар Весна Дончева заверен под УЗП бр. 6127/2021 од 04.10.2021---------
- Прилог Ѓ Акционерска книга на Шпаркасе Банка Македонија од 04.10.2021 година ---------------------------------
-- Прилог Е и Ж Полномошно за учество на Собрание на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје потпишано од овластени лица на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Актиенгезелшафт уредно заверено кај Нотар Д-р Петер Вергер од заменик Нотар М-р Јоханес Марко во Грац Штаерска Република Австрија под рег.број 2886/21 од ден 21.09.2021 година и превод на истото од Германски на Македонски од овластен судски преведувач Мартина Георгиевска и од Германски на Македонски заверено под УЗП бр. 6129/2021 од 04.10.2021 од овластен судски преведувач од Англиски на Македонски Бојана Стојанов заверено од нотар Весна Дончева заверен под УЗП бр. 6128/2021 од 04.10.2021 ---------------------------------------------------------------------------------------------------------
Прилог З, Сисок на верифицирани акционери потпишан од Претседавачот и од Нотарот.----------------------------------

Прилог S Извештај потпишан од Претседавачот и од Нотарот.------------------------------------------------------------------
Нотарската такса за заверка по тарифен број од 27 од Законот за судски такси и член 158 ст.3 од Законот за Нотаријат во износ од 500,00 денари е наплатена. ------------------------------------------------------------------------------
Нотарска награда е пресметана согласно Нотарската тарифа во износ од 11.000,00 денари согласно член 41 и 42 ст.2 и чл. 52 и трошоци во износ од 1.440,00 денари согласно член 52 од Нотарската тарифа.-------------------------------------
ОДУ бр.859/2021-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје, 04.10.2021 година /ден четврти месец Октомври, година две илјади и дваесет и прва/-------------------------

**Нотар Весна Дончева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на град
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ВЕСНА ДОНЧЕВА

ул. Даме Груев бр. 28 Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ______ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 859/21

Во Скопје, 04.10.2021 година

НОТАР,

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот Скопје
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ